ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ЗА 2022 ГОДИНА НА

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

## СМЕТКА ЗА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2023 07 01/1

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Струмица, сметка на основен буџет (630), за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година, а мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Струмица, сметка на основен буџет (630), за 2015 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Струмица и утврди дека од дадените седум препораки, три препораки се спроведени, две препораки не се спроведени, една е во тек на спроведување и една препорака е делумно спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Струмица, сметка на основен буџет (630) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- побарувањата не се реално и објективно прикажани, не е утврдена старосната структура и можноста за нивна наплата, како и не се преземаат дополнителни активности за присилна наплата;
- општината не остварува приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
- остварени се помалку приходи по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправни објекти, општината не остварува приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило, нема стратегија за подигање на ново зеленило, а истото се финансира од програмата за уредување на градежно земјиште;
- нецелосно се наплатува комуналната такса за привремен престој и не се реализираат активности за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој на туристите.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата извести за судските спорови во кои Општина Струмица е странка во постапките и за обврската на општината предвидена со измената на Законот за даноците на имот почнувајќи од 01.01.2022 година да изврши ревизија на пазарната вредност на недвижниот имот која претставува даночна основа на данокот на имот, на секои четири години.

Во делот Останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините кои се однесуваат на:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од страна на градоначалникот на Општина Струмица не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

СОДРЖИНА:

1. Вовед 1

2. Мислење на ревизијата 2

3. Основ за изразување на мислење 2

3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи 3

3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи 5

4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет 8

5. Останати прашања 9

6. Законска основа за ревизијата и временски период 12

7. Опфат и ограничувања 12

8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи 12

9. Одговорност на ревизорите 13

10. Одговор на ревидираниот субјект 14

Финансиски извештаи за 2022 година

Биланс на приходи и расходи 15

Биланс на состојба 16

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед 17

Сметководствени политики 19

Образложенија кон финансиските извештаи 22

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ISSAI | International Standards State Aaudit Iinstitutions Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции |
| МПЦ - ОА | Македонска православна црква – Охридска архиепископија |
| ИВЗ | Исламска верска заедница |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-185/16

Дата: 04.10.2023

## 1. Вовед

Општина Струмица е посебна административна единица во Република Северна Македонија основана со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија[1].

Подрачјето кое го покрива е градот Струмица и околните населени места Баница, Банско, Белотино, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Дорломбос, Злешево, Костурино, Куклиш, Мемешли, Муртино, Орманли, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево, Свидовица, Три Води и Чепели.
Подрачјето на Општина Струмица е со вкупна површина од 485,59 $km^2$. Според последниот попис на населението на Македонија од 2021 година, Општина Струмица има 49.995 жители.
Општина Струмица, согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа[2] ги врши работите од јавен интерес од локално значење што се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, противпожарна заштита, надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и други работи определени со закон.

[1] „Сл. весник на Република Македонија" бр. 55/04
[2] „Сл. весник на Република Македонија" бр. 05/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна 15 и 16 на Општина Струмица за 2022 година, на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенијата кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Струмица за 2022 година на сметката на основен буџет (630) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Струмица на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (630), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Струмица за 2022 година, на сметката на основен буџет (630), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите, согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи

3.1.1. На 31.12.2022 година, во сметководствената евиденција искажани се побарувања во вкупен износ од 386.340 илјади денари. Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Од вкупните побарувања 195.683 илјади денари (50,65%) се однесуваат на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија. За истите општината нема утврдено старосна структура и дали постои законска можност за нивна наплата согласно одредбите од член 360 од Законот за облигациони односи и член 84 и 85а од Законот за даноците на имот, каде е уредено дека правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден, односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен.
- При наплата на данокот на имот не се испраќаат опомени и не се врши присилна наплата на побарувањата, не се пресметува и наплатува камата за данокот кој не е платен во пропишаниот рок, што не е во согласност со членовите 53, 54 и 79 од Законот за даноците на имот. На овој начин се кумулираат побарувањата и за период од десет години ненаплатените побарувања по основ на данок на имот се зголемени за 2,4 пати, а побарувањата по основ на комунална такса за истакнување на фирма се зголемени за 2,3 пати. Трендот на ненаплатени побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма за периодот од 2012 до 2022 година е прикажан на графикон бр.1.

Графикон број 1: Ненаплатени побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма

во 000 денари



- При администрирање на данок на промет, наследство и подарок, се изготвува решение за висината на данокот откако обврзникот ќе го плати данокот, што е спротивно на член 36 од Законот за даноци на имот кој предвидува дека градоначалникот на општината донесува решение за висината на данокот на промет на недвижности во рок не подолг од десет дена од денот на приемот на даночната пријава и на даночниот обврзник, односно на купувачот на недвижноста му се доставува решение за утврдениот данок. Како резултат на ваквото постапување во даночната и сметководствена евиденција не се евидентирани побарувањата по основ на одобрени барања кои не се ненаплатени и се во вкупен износ од 5.075 илјади денари што влијае на реалното и објективно прикажување на финансиските извештаи.
- За комуналната такса за користење на простор пред деловен простор од страна на секторот за урбанизам и комунални работи во текот на 2022 година издадени се 88 одобренија. Побарувањата по основ на комунална такса се евидентирани на денот на извршената наплата, а не во периодот кога е настанато побарувањето. Ваквиот начин на евидентирање се применува и кај побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Наведените состојби имаат влијание на реално и објективно прикажување на побарувањата во финансиските извештаи, а не преземените мерки за навремена наплата има за ефект намалени приходи по основ на даноците на имот и комунални такси што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите[3].

Препорака:

Градоначалникот на Општина Струмица да преземе мерки и активности за:

- утврдување на старосната структура на побарувањата за даноци и такси и можноста за нивна наплата,
- да се врши евидентирање на побарувањата по основ на даноци на имот и комунални такси во моментот на настанување на даночната обврска во деловните книги и
- наплата на камата на износот на данокот и таксите што не е платени во пропишаниот рок, како и наплата по присилен пат на пристигнатиот даночен долг, парични казни и камати кои даночниот обврзник не ги платил доброволно во законски утврдениот временски период.

[3] „Сл. весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во текот на 2022 годна не се остварени приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места. Во текот на 2020 година спроведен е јавен повик на кој се избрани двајца оператори со кои се склучени договори[4] за период од 5 години за стопанисување со поставени билборди за рекламирање. Комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи од тарифен број 4 од Законот за комунални такси со Одлука на Советот на Општина Струмица е утврдена во висина од 1.200 денари годишно, но истата не им се наплатува на операторите кои стопанисуваат со 40 билборди. Во општината не се издаваат одобренија за поставување на тотеми и рекламни паноа и не се наплатува комунална такса по овој основ.

Неостварувањето на приходи по овој основ влијае на буџетот на општината и ја ограничува можноста од дополнителни вложувања на средства во активности во функција на задоволување на потребите на граѓаните.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за утврдување и наплата на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места согласно законските одредби.

3.2.2. Со Законот за постапување со бесправно изградени објекти[5] се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Во Општина Струмица, поднесени се вкупно 12.969 барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, од кои 46% се решени и 54% барања се во постапка.

Учеството на примени барања и решени предмети во постапка е прикажано во табела бр.1:

[4] Договор број 03-6365/13 од 23.12.2020 година и Договор бр. 03-7663/1 од 23.12.2020 година
[5] „Службен весник на Република Македонија” број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15,217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 174/21

*Табела бр.1: Примени и решени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти по години и видови на објекти*

| Реден број | Опис | Примени | Решени | Учество во вкупно поднесени барања | % на решени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Барања за БО 2011 | 9.290 | 4.776 | 72% | 51% |
| 2 | Барања за БО земјоделски | 89 | 11 | 1% | 12% |
| 3 | Барања за БО тераси | 29 | 12 | 0% | 41% |
| 4 | Барања за БО инфраструктурни | 23 | 0 | 0% | 0% |
| 5 | Барања за БО 2016 | 2.306 | 1.097 | 18% | 48% |
| 6 | Барања за БО 2018 | 1.232 | 33 | 9% | 3% |
| ВКУПНО: | | 12.969 | 5.929 | 100% | 46% |

Податоците од табелата покажуваат дека во вкупно поднесените барања најголемо учество од 72% имаат барањата поднесени во 2011 година кои имаат и највисок процент на решени предмети (51%), а по нив следат барањата поднесени во 2016 година кои учествуваат со 18% во вкупните и од нив решени се 48%.

Советот на Општина Струмица донел одлуки[6] со кои МПЦ – ОА Струмица и ИВЗ ги ослободил од плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправни објекти (цркви и џамии) во вкупна вредност од 1.404 илјади денари, што не е во согласност со член 20 став 5 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти кој предвидува за кои бесправни објекти од значење за Републиката не се пресметува и не се плаќа надоместок. Со ваквото постапување од страна на Советот на општината, ставени се во повластена положба верските субјекти во однос на останатите подносители на барања за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти што не е во согласност со член 19 од Уставот на државата каде е пропишано дека верските заедници се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Ова има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на општината.

Препорака:

Советот на Општина Струмица ослободувањето од плаќање на надоместокот за бесправно изградени објекти да го врши само за објектите предвидени со Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

3.2.3. Од извршениот увид во доставената документација и донесените акти во рамки на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото утврдена во Закон за урбано зеленило, ревизијата ги утврди следните состојби:

[6] Бр.08-4867/1 од 23.06.2022 година и бр. 08-3957/1 од 27.05.2022 година

- Советот на Општина Струмица нема донесено Стратегија за развој на зеленилото и Одлука за зеленило, што не е во согласност со член 12 од Законот за урбано зеленило.
- Општина Струмица има донесено Годишна програма за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општината, во која се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде одржувано, динамиката и начинот на одржување, изворот и висината на финансиските средства потребни во тековната година. Средствата за подигање на ново зеленило во износ од 8.000 илјади денари се предвидени во програмата за уредување на градежно земјиште, што не е во согласност со член 96 став 4 од Законот за градежно земјиште, каде е утврдено дека средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се користат само за реализирање на програмата за уредување на градежното земјиште.
- Општината не остварува приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило, што не е во согласност со член 39 од Законот за урбано зеленило.

Отсуството на стратешки документ кој ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработка на планови и проекти за заштита и унапредување на системот на зеленило не обезбедува основа за ефективна подготовка на годишните програмски активности, додека неостварените приходи на име одржување на јавно градско зеленило влијае врз висината на средствата кои за оваа намена се одвојуваат од Буџетот на општината.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Струмица да преземе мерки и активности за:

- донесување на Стратегија за развој на зеленилото и
- утврдување на надомест за одржување на јавното градско зеленило и активностите за одржување на зеленилото да се финансираат преку надоместокот со целосна контрола во планираните и реализираните финансиски средства за извршување на надлежноста.

3.2.4. Комуналната такса за привремен престој, согласно член 8 од Законот за таксата за привремен престој, вршителите на угостителската и туристичката дејност се должни да ја уплатат до 15-от ден во тековниот месец за изминатиот месец и тоа 80% од наплатената такса на сметка на единицата на локалната самоуправа и 20% на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија. Средствата од оваа такса се наменети за општа туристичка пропаганда и информативна дејност и за подобрување на условите за престој на туристите и се користат според посебно донесени програми. Во текот на 2022 година, по овој основ наплатени се 712 илјади денари од 10 субјекти.

Со извршените аналитички постапки, ревизијата утврди нецелосност на остварените приходи, односно недостасуваат уплати за период од два, три и повеќе месеци.

Во текот на 2022 година не е извршен инспекциски надзор над вршителите на угостителска и туристичка дејност за наплатата на оваа комунална такса, што не е во согласност со член 10 од законот, кој дефинира дека надзорот над наплатата на таксата за привремен престој ја вршат органите на единиците на локалната самоуправа.

Иако, општината има донесено програма за активностите од областа на локалниот економски развој и туризмот за 2022 година, во истата не се предвидени активности од областа на туризмот, што не е во согласност со член 9 од Законот за таксата за привремен престој, со кој се уредува намената на користење на средствата прибирани по овој основ.

Нередовната наплата на таксата за привремен престој и не извршениот инспекциски надзор влијаат на точноста и комплетноста на утврдените и наплатените приходи по овој основ, а отсуството на активности за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој придонесува за несоодветно користење на прибираните средства.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Струмица да преземе мерки и активности за:

- воспоставување на надзор над наплатата на комуналната такса за привремен престој и
- предвидување на активности за подобрување на условите за престој на туристите во програмата за туризам кои ќе се финансираат преку средствата од таксата за привремен престој.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Обрнуваме внимание дека Општина Струмица во 2022 година е тужена странка во 48 предмети каде вкупната вредност на тужените барања изнесува 8.860 илјади денари и тоа по основ на: надомест на штета од каснување на куче и пад во отворена шахта во износ од 1.667 илјади денари, неостварени права по Закон за работни односи во износ од 1.880 илјади денари, договори за отуѓување на градежно неизградено земјиште во износ од 1.540 илјади денари и враќање на експроприран имот во износ од 3.773 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на општината.

4.2. Во 2008 година, Општина Струмица извршила ре проценка на пазарната вредност на недвижниот имот на обврзниците кои се запишани во регистарот за данок на имот. Со измената на Законот за даноците на имот[7] почнувајќи од 01.01.2022 година предвидено е да се врши ревизија на пазарната вредност на недвижниот имот која претставува даночна основа на данокот на имот од страна на општините, општините на град Скопје и градот Скопје, на секои четири години. Имајќи ги во предвид законските измени, Општина Струмица треба да преземе активности за извршување на ре проценка на пазарната вредност на недвижниот имот која претставува даночна основа на данокот на имот.

## 5. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденува системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

5.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

[7] Измени и дополнување на Законот за даноците и имот Сл. весник на Република Северна Македонија, бр. 151/2021

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

5.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

### Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

5.3. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Општина Струмица и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и општините во Република Северна Македонија, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

### Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

5.4. Во текот на 2022 година по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти остварен е приход во вкупен износ од 161.607 илјади денари. Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти[8] заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект се изготвува од страна на општината, а обврската за плаќање на надоместокот настанува во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот. Доколку не се плати во утврдениот рок законот предвидува можност за одложено плаќање на дванаесет месечни рати. Со извршената анализа на законското решение во делот на наплатата на надоместокот, констатиравме дека по изготвување на заклучокот за плаќање на надоместокот нема пропишан законски рок за подигнување на заклучокот и следење на рокот за негова наплата.

[8] „Сл. весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.
Ревизијата е спроведена во периодот од 15.03.2023 до 31.06.2023 година, кај Општина Струмица на сметката на основен буџет (630) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Струмица, сметка на основен буџет (630), за 2015 година, во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Струмица. Утврдивме дека од дадените седум препораки, три препораки се спроведени, две препораки не се спроведени, една е во тек на спроведување и една препорака е делумно спроведена.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Струмица, застапувано од:

- Костадин Костадинов, градоначалник на Општина Струмица од 25.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Струмица, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Струмица, одржан на ден 27.06.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на градоначалникот на Општина Струмица не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 337.834 | 352.685 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 16.256 | 13.106 |
| Капитални приходи | 3.3. | 64.652 | 19.624 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 288.762 | 141.755 |
| **Вкупно приходи** | | **707.504** | **527.170** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.5. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.5.1. | 96.151 | 88.729 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 2.920 | 2.546 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 148.034 | 97.838 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 223 | 136 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 58.142 | 32.345 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **305.470** | **221.594** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **204.656** | **189.027** |
| **Вкупно расходи** | | **510.126** | **410.621** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | 3.7. | **197.378** | **116.549** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2022 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 197.378 | 195.767 |
| Побарувања | 4.1.2. | 386.340 | 342.567 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 841 | 841 |
| **Вкупно тековни средства** | | **584.559** | **539.175** |
| **Вкупна актива** | | **584.559** | **539.175** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | 841 | 841 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 583.718 | 538.334 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **584.559** | **539.175** |
| **Вкупна пасива** | | **584.559** | **539.175** |